Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

**Земјоделско пазарен информативен систем**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ - 2013













www.zpis.gov.mk

## Добиточни пазари

Податоци за цените од **добиточните пазари** во 2013 година се прибираа од осум добиточни пазари: Скопје -( Трубарево ), Прилеп-( Кривогаштани ), Струмица, Струга, Кичево, Куманово, Тетово-( Боговиње ), Кочани-( Облешево ). Најбогата и разновидна понуда на добиток имаше на пазарите во Куманово и Скопје (Трубарево).

**Молзни крави.** Најзастапената просечна цена во 2013 година достигна 151,08 денари за килограм жива мера, за разлика од 2012 година кога изнесуваше 156,88 ден./ кгр, што е намалување за 3,7 проценти.

**Јуниња.** Се продаваа по просечна цена од 130,52 денари за килограм жива мера што е ,исто така, пад на цената за 1,7 проценти во однос на минатата година, кога истата достигна 132,8 ден. кгр./ жива мера.

**Молзни овци и јагниња.** И кај овие категории има тренд на намалување и тоа за скоро 16 проценти**.** Во 2013 година цената на **молзните овци** на добиточните пазари достигна 149,82 ден/ кгр., додека во 2012 година изнесуваше 178,1 денари.

**Јагниња до 18 кг.** Се продаваа по просечна цена од 160,6 ден, **Јагнињата над 18 кг.** достигнаа цена од 144,4 денари а **шилежињата** се продаваа во просек по 141 ден./кгр. **Овните** достигнаа просечна цена од 183,72 ден./ кгр.

**Гоеници** со тежина од 80 до 120 килограми. Во 2013 година цената за килограм жива мера изнесуваше 117,42 денари што е зголемување за 10 проценти во однос на 2012 година, кога цената беше 106,7 денари.

**Гоеници** над 120 кг. Просечната најзастапена цена во 2013 година достигна 98,9 ден./кгр, за разлика од 2012 кога се продаваа во просек по 94,2 ден./кгр, односно зголемување на цenatата за 5 проценти.





**Прасиња** со телесна тежина до 20 килограми, се продаваа во просек по 173,52 денари за килограм, додека оние со тежина од 20 до 35 кг. 159,2 ден./кгр., што е зголемување за 11,8 проценти споредбено со 2012 кога цената за килограм жива мера за прасињата со тежина од 20-35 кг. достигна 142,5 ден.

**Молзни кози.** На добиточните пазарите постигнаа цена од 139 ден./кгр., додека **јарињата** до 20 килограми се нудеа во просек по 128,7 ден. за кгр. жива мера.

**Излачените кози** се продаваа во просек по 73,4 ден./кгр.

**Пилиња.** Најзастапената просечна цена во 2013 год. изнесуваше 47,2 денари по пиле, за разлика од 2012 кога се продаваа по цена од 43,6 денари.

**Јарки.** Постигнаа цена од 281,8 денари додека кај **мисирките** најзастапената просечна цена изнессуваше 277,3 денари.

Во табелата 1. прикажан е споредбен приказ на движењето на просечните цени по килограм жива мера во 2012/2013 годин, како и стапката на пораст и опаѓање на цените за одредени видови и категории на добиток.

*Цените се изразени во денари за кг. жива мера (табела 1. )

| Вид на добиток | Просечна цена ( 2012 год. ) | Просечна цена ( 2013 год. ) | Стапка на пораст / опаѓање ( % ) |
|---|---|---|---|
| Молзни Крави | 156, 9 | 151, 1 | - 3,7 % |
| Јуниња | 132, 8 | 130, 5 | - 1, 7 % |
| Бикови до 18 месеци | 125, 3 | 133 | + 6, 1 % |
| Бикови до 18 месеци-Симентал | 159, 6 | 140 | - 12, 3 % |
| Бикови над 18 месеци | 118, 6 | 115, 8 | - 2, 4 % |
| Бикови над 18 месеци-Симентал | 153 | 160 | + 4, 6 % |
| Молзни крави –Буша | 91, 6 | 92, 1 | + 0, 5 % |
| Теле 1—2 месеци | 179, 1 | 182, 9 | + 2, 1 % |
| Теле 1—2 месеци-Симентал | 188, 3 | 199 | + 5, 7 % |
| Теле 2-6 месеци | 157, 6 | 165 | + 4, 7 % |
| Теле 2-6 месеци—Симентал | 190, 4 | 198 | + 4 % |
| Молзни кози | / | 139 | / |
| Јариња до 20 кг. | 138, 6 | 128, 7 | - 7, 1 % |
| Кокошки-јарки | 264, 6 | 281, 8 | + 6, 5 % |
| Пилиња | 43, 6 | 47, 2 | + 8, 4 % |
| Молзни овци | 178, 1 | 149, 8 | - 15, 9 % |
| Јагниња до 18 кг. | 164, 7 | 160, 6 | -2, 5 % |
| Јагниња над 18 кг. | 155, 2 | 144, 4 | - 7 % |
| Шилежиња | 147, 4 | 141 | - 4, 3 % |
| Гоеници од 80-120 кг. | 106, 7 | 117, 4 | + 10 % |
| Гоеници над 120 кг. | 94, 2 | 98, 9 | + 5 % |
| Прасиња до 20 кг. | 158, 2 | 173, 5 | + 9, 7 % |
| Прасиња над 20 кг. | 142, 5 | 159, 2 | + 11, 8 % |

* Во графиконите се дадени цените за 2013 год. за одредени видови добиток - по месеци

### Најзастапени цени на јагниња до 18 кг. и молзни овци на добиточните пазарите во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јагне до 18 кг. | 157.0 | 161.0 | 131.0 | 153.3 | 165.0 | 161.7 | 166.3 | 164.0 | 168.7 | 152.5 | 170.0 | 176.7 |
| Молзни овци | 137 | 145 | 149 | 153 | 148 | 152 | 118 | 153 | 150 | 175 | 158 | 160 |

### Најзастапени цени на јуниња и молзни крави на добиточните пазарите во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јуне | 129.0 | 127.0 | 131.6 | 134.3 | 137.8 | 130.8 | 122.1 | 129.3 | 131.6 | 129.1 | 130.8 | 132.8 |
| Молзни крави | 152 | 163 | 154 | 156 | 155 | 152 | 162 | 147 | 138 | 147 | 147 | 141 |

### Најзастапени цени на прасиња до 20 кг. и свињи од 80-120 кг. на добиточните пазарите во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Свињи 80-120 кг. | 133.0 | 126.0 | 122.0 | 126.0 | 113.9 | 114.5 | 110.0 | 110.0 | 100.0 | 117.5 | 121.1 | 115.0 |
| Прасиња до 20 кг. | 174.00 | 168.00 | 181.20 | 187.50 | 190.20 | 188.00 | 171.70 | 181.10 | 155.00 | 155.50 | 165.00 | 165.00 |

## Откупни цени на млеко

**Кравјо млеко.** Просечната откупна цена за сите класи во 2013 година изнесуваше 19,68 ден/лтр., што претставува зголемување за 5,5 проценти во споредба со 2012 година, кога просечната откупна цена за кравјо млеко изнесуваше 18,66 ден/лтр. Највисок тренд на зголемување на откупната цена од 8,3 проценти има кај **кравјото млеко од *екстра класа***, која во 2013 година изнесуваше 21,56 ден./лтр., за разлика од 2012 година кога се откупуваше во просек по 19,91 ден/лтр. Кравјото млеко - **прва класа** се откупуваше за 19,28 ден/лтр., за разлика од 2012 кога се откупуваше по 19,15 ден./лтр., додека кравјо млеко - в**тора класа** за 18,20 ден/лтр. и бележи намалување на откупната цена за 0,7 проценти во споредба со 2012 год. кога се откупуваше по цена од 18,5 ден./лтр.



Просечната откупна цена на **овчкото млеко** за 2013 година достигна 33,65 ден/лтр. Тоа е пораст од 8,4 проценти во однос на 2012 год. кога откупната просечна цена на овчкото млеко изнесуваше 31,05 ден./лтр.

Благо намалување на откупната цена има кај **козјото млеко,** кое во 2013 година се откупуваше по цена од 18,02 ден./лтр., во споредба со 2012 кога откупната цена беше 18,85 денари за литар.

## Цени на јајца –производни капацитети

Во текот на целата 2013 -та година, кај цените на јајцата кај производните капацитети, не се забележуваа поголеми осцилации.

Просечната најзастапена цена на јајцата од класата А големина - **XL** од производните центри за 2013 година изнесуваше 6,44 денари за парче, што представува пораст од 1,6 проценти во однос на 2012 година кога цената за парче беше 6,34 денари. Цената за големина - **L** изнесуваше 6,05 денари за парче. Јајцата од А класата со големина - **M** достигнаа најзастапена просечна цена од 5,55 денари за парче, додека јајца со **S** – големина постигнаа цена од 5,04 денари за парче, што е зголемување од 4,8 проценти споредбено со цената во 2012 кога истата изнесуваше 4,81 денари за парче.

## Откупни цени за млеко во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кравјо екстра класа | 21.0 | 21.0 | 20.5 | 22.5 | 21.7 | 22.0 | 20.5 | 22.0 | 22.0 | 22.0 | 22.0 | |
| Кравјо млеко I класа | 19.25 | 19.30 | 19.13 | 19.38 | 19.10 | 19.70 | 19.41 | 19.50 | 19.10 | 19.13 | 19.13 | 19.17 |
| Кравјо млеко II класа | 19.00 | 19.00 | 19.00 | 17.00 | 17.85 | 18.33 | 18.00 | 18.00 | 18.00 | 18.00 | 18.00 | |
| Овчко млеко | | 36.00 | 34.80 | 34.50 | 35.62 | 35.00 | 33.73 | 33.07 | 32.42 | 30.67 | 30.67 | |
| Козјо млеко | | | 20.00 | 18.50 | 18.00 | 17.50 | 17.50 | 17.50 | 18.94 | 17.25 | 17.00 | |

## Најзастапени просечни цени на јајца од класата XL и L




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јајца (XL ) | 6.92 | 7.26 | 6.75 | 7.12 | 6.58 | 5.62 | 6.17 | 6.45 | 6.50 | 6.15 | 5.97 | 5.76 |
| Јајца (L ) | 6.75 | 6.91 | 6.50 | 6.85 | 6.16 | 5.39 | 5.68 | 6.00 | 6.09 | 5.52 | 5.69 | 5.33 |

## Најзастапени просечни цени на јајца од класата M и S




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јајца (M ) | 6.14 | 6.44 | 6.03 | 6.34 | 5.64 | 4.50 | 5.25 | 5.47 | 5.68 | 5.12 | 5.07 | 4.88 |
| Јајца (S ) | 5.45 | 5.99 | 5.24 | 5.78 | 5.19 | 4.28 | 4.29 | 4.92 | 5.08 | 4.94 | 4.73 | 4.57 |

**Откупна цена на житарки**

Пченицата е најзначајна и најзастапена житна култура во РМ. Нејзиното значењето се согледува преку учеството на површината на пченица во вкупната засеана земјоделска површина, уделот на вредноста на пченицата во вкупната вредност на земјоделското производство но и преку нејзината употребна вредност.

Пазарната цена е дефинирана од наменатa на пченицата, односно дали се работи за меркантилна или пак семенска пченица. Во нашата анализа претставено е движењето на цената на меркантилната пченица.

Просечните откупни цени на пченицата во 2013 година на месечно ниво се движеа од 16,5 ден./кгр. во месец јануари, до 11,5 ден/кгр. во месец декември. За време на жетва просечната откупна цена се движеше околу 12 ден/кгр.

Просечната откупна цена на **пченицата на годишно ниво** за 2013 година изнесуваше 13,38 денари за килограм, додека **за реколта** 2013 година просечната откупна цена заклучно со месец декември изнесува 12,18 денари за килограм. Во графиконот се дадени просечните откупни цени по месеци за 2013 година.

Кај **пченката** просечната откупна цена за 2013 година изнесуваше 15,19 денари за килограм. Највисока откупна цена беше забележана во месец февруари од 15,7 денари за килограм, додека најниска во месец јуни од 14,95 ден/кгр.





**Мед**



Просечната најзастапена цена на **медот** на пазарите на мало за 2013 година изнесуваше 237,5 денари за килограм и бележи зголемување од 2,1 процент во однос на 2012 година кога на пазарите на мало се нудеше по цена од 232,6 денари за килограм.

Цената на пчелинот восок во просек изнесуваше 400 денари за килограм додека поленот се продаваше во просек по 1.500 денари за килограм.




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пченица откупна цена | 16.50 | 16.00 | 16.00 | | | 12.50 | 12.75 | 12.52 | 12.33 | 11.97 | 11.71 | 11.50 |




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пченка откупна цена | | 15.70 | 15.20 | 15.05 | 15.05 | 14.95 | | | | | | |




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МЕД | 248.0 | 259.2 | 258.7 | 215.0 | 219.1 | 229.0 | 235.0 | 240.0 | 240.0 | 244.8 | 230.0 | 231.0 |

## Овошје- пазари на големо и мало

Пазарите на големо во 2013 изобилуваа со различни видови овошје како од домашно производство така и од увоз. Споредбено со 2012 година, се забележува намалување на цените кај сите сорти на јаболки, праски, грозје, јагоди, додека зголемување на цените има кај крушките, кајсиите и цитрусното овошје (табела 2 ).

Просечната цената на јабоките од сортата **Ајдаред** на пазарите на големо за 2013 година беше 25,4 ден./кгр. Истите во 2012 год. се продаваа за 28,5 ден./кгр, што преставува намалување за скоро 11 проценти. **Златниот делишес** постигна просечна најзастапена цена од 28 ден./кгр., **Црвениот делишес** 28,2 ден./кгр, **Муцо** 30,6 ден./ кгр. и **Јонаголд** 29,2 ден./ кгр.

За останатите овоштија на пазарите на големо, најзастапените просечни цени за 2013 година беа како следува: **црно трпезно грозје -** 28 ден./кгр. со тренд на опаѓање за 20 проценти споредбено со 2012 год. **Праски -**19, 2 ден./кгр. со тренд на намалување на цената за скоро 25 %, **лубеници -** 10, 9 ден./кгр. и тренд на намалување на цената за 11,4 %. Тренд на повисоки цени на пазарите на големо од 22,8 % се бележи кај **крушките** - 80,2 ден/кгр., ви споредба со 2012 кога се продаваа по 65,3 ден./ кгр. **Кајсии -** 65 ден./ кгр. и тренд на пораст на цената за 46 %, **лимоните,** исто така, достигнаа цена од 65 ден./кгр. односно зголемување за 23,8 % споредбено со 2012 кога на пазарите на големо се нудеа за 52,5 ден./кгр.






На **пазарите на мало**, јаболките од сортата **Ајдаред** постигнаа најзастапена просечна цена од 31,5 ден./кгр. со намалување од 1,9 % споредено со 2012 година, кога просечната најзастапена цена изнесуваше 32,1 ден./кгр. Најзастапените просечни цени на останатите сорти јаболка изнесуваа: за **златниот делишес** 39,9 ден./кгр., **јонаголдот** 32,4 ден./кгр., **Муцу** 42,7 ден./кгр., **Црвен делишес** 37,1 ден./ кг. и **Чадел** 37,52 ден./крг.

**Цреште** на зелените пазари во 2013 година постигнаа цена од 66,8 ден./кгр. што е намалување од 16.8 % споредбено со 2012, кога цената изнесуваше од 80,3 ден./кгр. **Вишните** се продаваа за 44,38 ден./кгр. Намалување од 9,9 % имаме кај **лубениците** кои се нудеа во просек по 14,5 ден./кгр. споредбено со 2012 кога се продаваа во просек по 16,1 ден./кгр.

Тренд на намалување од 15 % се бележи и кај **црното трпезно грозје,** кое во 2012 се продаваше во просек по 41 ден./кгр., додека во 2013 достигна најзастапена просечна цена од 34,8 ден./кгр. Кај **крушките** пак, имаме зголемување од 11 %. и тие на зелените пазари во просек се нудеа по цена од 88,1 ден./кгр. Зголемување на цената од 17,8 % има и кај **кајсиите,** споредбено со 2012 кога се нудеа во просек по 57,8 ден./кг. додека во 2013 достигна цена од 68,1 ден./кгр.

**Праски.** Просечната најзастапена цена од 38,6 ден./кгр. е на скоро исто ниво како и во 2012 година кога се продаваа во просек по 38,9 ден./кгр.

Во табелите 2 и 3 претставени се просечните најзастапени цени за овоштијата на пазарите на големо и мало за 2012 и 2013 година, во денари за килограм како и стапката на пораст и опаѓање изразена во проценти.

* Просечни најзастапени цени  на овошје од пазарите на големо (кванташки пазари) (табела 2)

| Вид на овошје | Просечна цена ( 2012 год. ) | Просечна цена ( 2013 год. ) | Стапка на пораст / опаѓање ( % ) |
|---|---|---|---|
| Ајдаред | 28, 5 | 25, 4 | - 10, 9 % |
| Златен Делишес | 30, 9 | 28 | - 9, 4 % |
| Јонаголд | 31, 7 | 29, 2 | - 7, 9 % |
| Муцу | 32, 2 | 30, 6 | - 5 % |
| Црвен Делишес | 30 | 28, 2 | - 6 % |
| Грозје црно -трпезно | 35 | 28 | - 20 % |
| Праски | 25, 5 | 19, 2 | - 24, 7 % |
| Круши | 65, 3 | 80, 2 | + 22, 8 % |
| Лубеници | 12, 3 | 10, 9 | - 11, 4 % |
| Дињи | / | 22, 6 | / |
| Сливи | 26, 5 | 20, 5 | - 22, 6 % |
| Банани | / | 38 | / |
| Јагоди | 69, 2 | 56, 5 | - 18, 4 % |
| Кајсии | 44, 5 | 65 | + 46 % |
| Киви | 46, 4 | 53, 9 | + 16  % |
| Костен | / | 62, 9 | / |
| Лешници-чистени | 509, 3 | 468, 2 | - 8, 1 % |
| Ореви-чистени | 469, 2 | 485, 7 | + 3, 5 % |
| Лимони | 52, 5 | 65 | + 23, 8 % |
| Портокали | 38, 4 | 41, 3 | + 7, 6 % |
| Цреши | 46, 7 | 45 | - 3, 6 % |
| Нектарини | 40, 5 | 32, 2 | - 20, 5 % |

* Просечни најзастапени цени  на овошје од пазарите на мало ( зелени пазари ) табела 3,

| Вид на овошје | Просечна цена ( 2012 год. ) | Просечна цена ( 2013 год. ) | Стапка на пораст / опаѓање ( % ) |
|---|---|---|---|
| Ајдаред | 32, 1 | 31, 5 | - 1, 9 % |
| Златен Делишес | 35, 1 | 39, 9 | + 13, 7 % |
| Јонаголд | 35 | 32, 4 | - 7, 4 % |
| Муцу | 37, 6 | 42, 7 | + 13, 6 % |
| Црвен Делишес | 39 | 37, 1 | - 4, 9 % |
| Грозје црно -трпезно | 41 | 34, 8 | - 15, 1 % |
| Праски | 38, 9 | 38, 6 | - 0, 7 % |
| Крушки | 79, 4 | 88, 1 | + 11 % |
| Лубеници | 16, 1 | 14, 5 | - 9, 9 % |
| Дињи | / | 32 | / |
| Сливи | 34, 5 | 27, 7 | - 19, 7 % |
| Банани | 50 | 51, 4 | + 2, 8 % |
| Јагоди | 120, 6 | 148, 3 | + 23 % |
| Кајсии | 57, 8 | 68, 1 | + 17, 8 % |
| Киви | 58, 4 | 62, 9 | + 7, 7 % |
| Костени | 96, 5 | 100, 8 | + 4, 5 % |
| Лешници-чистени | 571, 3 | 535, 6 | - 6, 2 % |
| Ореви-чистени | 475, 9 | 477, 3 | + 0, 3 % |
| Лимони | 69, 7 | 76, 4 | + 9, 6 % |
| Портокали | 47, 5 | 53, 7 | + 13, 1 % |
| Цреши | 80, 3 | 66, 8 | - 16, 8 % |
| Нектарини | 51, 7 | 49, 4 | - 4, 4 % |

## Најзастапени цени на јаболки (муцу) на зелените пазари и пазарите на големо во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | 31.1 | 29.8 | 30.9 | 35.0 | 57.3 | 60.8 | 100.0 | 42.3 | 34.8 | 32.1 | 28.8 | 29.2 |
| Пазари на големо | 25.8 | 27.6 | 34.6 | 40.7 | 41.3 | | | 40.0 | | 23.8 | 19.7 | 22.0 |

## Најзастапени цени на јаболки (златен делишес) на зелените пазари и пазарите на големо во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | 30.4 | 30.5 | 30.8 | 35.2 | 42.3 | 65.5 | 91.7 | 37.0 | 29.6 | 30.2 | 28.4 | 27.5 |
| Пазари на големо | 20.8 | 26.4 | 33.8 | 41.0 | 37.0 | 35.0 | | | | 21.9 | 18.0 | 18.0 |

## Најзастапени цени на јаболки (ајдаред) на зелените пазари и пазарите на големо во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | 29.2 | 28.3 | 29.2 | 50.0 | 33.0 | 32.2 | 28.5 | 33.7 | 29.5 | 30.1 | 27.5 | 26.4 |
| Пазари на големо | 20.8 | 25.8 | 33.5 | 41.0 | 37.7 | 25.0 | | | 18.0 | 21.2 | 17.5 | 13.0 |

## Најзастапени цени на круши на зелените пазари и пазарите на големо во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | 77.1 | 138.0 | 113.0 | 115.1 | 131.2 | 109.3 | 77.7 | 58.1 | 58.3 | 59.6 | 50.0 | 69.3 |
| Пазари на големо | | 98.9 | 102.8 | 100.0 | 130.0 | 100.0 | | 45.0 | 45.0 | 42.5 | 57.7 | |

## Најзастапени цени на праски на зелените пазари и пазарите на големо во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари-мало | | | | | 90.3 | 44.7 | 38.9 | 29.7 | 35.1 | 44.7 | | |
| Пазари на големо | | | | | | | 27.7 | 15.0 | 15.0 | | | |

## Најзастапени цени на грозје на зелените пазари и пазарите на големо во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | | | | | | 134.0 | 50.6 | 34.6 | 33.2 | 32.6 | 40.4 | 50.2 |
| Пазари на големо | | | | | | | 32.5 | 35.0 | 25.2 | 25.0 | 24.3 | |

## Најзастапени цени на дињи на зелените пазари и пазарите на големо во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | | | | | | 64.7 | 26.4 | 22.3 | 21.7 | 24.9 | | |
| Пазари на големо | | | | | | 50.0 | 18.0 | 15.0 | 15.0 | 15.0 | | |

## Најзастапени цени на лубеници на зелените пазари и пазарите на големо во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | | | | | | 30.3 | 12.4 | 10.1 | 9.5 | 10.2 | | |
| Пазари на големо | | | | | | 25.0 | 7.0 | 10.0 | 6.5 | 6.0 | | |

## Најзастапени цени на сливи на зелените пазари и пазарите на големо во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари-мало | | | | | | 43.2 | 36.5 | 27.9 | 20.4 | 26.1 | | |
| Пазари на големо | | | | | | | 23.2 | 25.0 | 18.2 | 15.5 | | |

## Зеленчуци - пазари на големо и мало

**Зеленчукот** на **пазарите на големо** генерално бележи тренд на пораст на најзастапените просечни цени и тоа најмногу кај **компирите** од 56 %, кои постигна цена од 23,4 ден./кгр. во споредба со 2012 кога цената изнесуваше 15 ден./кгр., **кромидот** со просечна најастапена цена од 24,1 ден./кгр - зголемување од 50,6 %, како и кај **доматите -** 54,2 ден./крг. во споредба со 2012 кога просечната цена на големо изнесуваше 43,5 ден./кгр. што е зголемување од 24,6 %.

Зголемување има и кај **краставиците** од 10,3 %, **црвените пиперки** 9,1% процент, а по подолго време има пораст и на цената на **гравот** од 14,5 %, кој на кванташките пазари постигна цена од 118, 7 ден./крг. споредбено со 2012 кога цената изнесуваше 103,6 ден./кгр.

Тренд на опаѓање на цените на пазарите на големо има кај: **благите пиперки** од 14,8 % со просечна најзастапена цена од 54,9 ден./кгр., **зелката** со цена од 15,1 ден./кгр. и намалување од 4,4 %, **црвената зелка** со пад на цената за 17,8 %, како и **лукот** со 7,1 % и **леќата** со 12,3 %. Стапката на пораст и опаѓање, како и просечните назастапени цени од пазарите на големо за 2013 и 2012 година на позначајните видови зеленчук се дадени во **табела 4**.





На **пазарите на мало,** исто така, се бележи тренд на пораст на најзастапените просечни цени кај повеќето зеленчуци. Најголемо зголемување на цената има кај к**омпирите** од скоро 43 % кај кои просечната најзастапена цена изнесуваше 30,3 ден./кгр., **младите компири** од 59,7 % кои се продаваа во просек по 43,6 ден./кгр. споредено со 2012 кога се продаваа во просек по 27,3 ден./кгр.

Зголемување од 37,9% има и кај **кромидот** кој достигна цена од 29,5 ден./кгр., кај **доматите** зголемување од 9,9% и просечна најзастапена цена од 61,3 ден./кгр., кај **гравот** од 12,2 %, **морковите** - 10 % повисока цена споредена со 2012 година како и кај **оризот** со цена од 66,1 ден./ кг. и зголемување од 7,9 проценти.

Благо зголемување на цената има и кај **благите пиперки** од 4,8 % кои достигнаа цена од 80,3 ден./ кгр., **краставиците** со 5,2 % и цена од 59 ден./кгр. споредено со 2012 кога во просек се продаваа по 56,1 ден./кгр.

Намалување на цените на пазарите на мало има кај: **зелката** од 12 %, **црвената зелка** од 13,1 %, и **лукот** 8 %.

Во **табелата 5**, се претставени споредбените просечни цени за 2013 и 2012 година од зелените пазари.

* Просечни најзастапени цени  на зеленчук од пазарите на големо (кванташки пазари) табела 4,

| Вид на зеленчук | Просечна цена ( 2012 год. ) | Просечна цена ( 2013 год. ) | Стапка на пораст / опаѓање ( % ) |
|---|---|---|---|
| **Пиперки благи** | **64, 4** | **54, 9** | **- 14, 8 %** |
| **Компири** | **15** | **23, 4** | **+ 56 %** |
| **Кромид** | **16** | **24, 1** | **+ 50, 6 %** |
| **Домати** | **43, 5** | **54, 2** | **+ 24, 6 %** |
| **Зелка** | **15 ,8** | **15, 1** | **-4, 4 %** |
| **Краставици** | **43, 7** | **48, 2** | **+ 10, 3 %** |
| **Ориз** | **53, 6** | **55** | **+ 2, 6 %** |
| **Црвени пиперки-ајварка** | **23, 2** | **25, 3** | **+ 9, 1 %** |
| **Моркови** | **24, 9** | **25, 1** | **+ 0, 8 %** |
| **Грав** | **103, 6** | **118, 7** | **+ 14, 5 %** |
| **Леќа** | **79, 8** | **70** | **- 12, 3 %** |
| **Грашок** | **31, 5** | **30** | **- 4,8 %** |
| **Боранија** | **37** | **38, 2** | **+ 3,2 %** |
| **Зелена салата—парче** | **7, 4** | **11, 6** | **+ 58, 2 %** |
| **Карфиол** | **31, 8** | **34** | **+ 6, 9 %** |
| **Лук** | **119, 1** | **110, 6** | **- 7, 1 %** |
| **Спанаќ** | **30, 5** | **31, 8** | **+ 4, 1 %** |
| **Тикви** | **20, 5** | **19** | **- 7, 3 %** |
| **Цвекло** | **22, 8** | **26, 3** | **+ 15, 4 %** |
| **Зелка—црвена** | **27** | **22, 2** | **- 17, 8 %** |
| **Брокули** | **/** | **86, 1** | **/** |

* цените се изразени во денари за килограм

* Просечни најзастапени цени  на овошје од пазарите на мало (зелени пазари) (табела 5,)

| Вид на зеленчук | Просечна цена ( 2012 год. ) | Просечна цена ( 2013 год. ) | Стапка на пораст / опаѓање ( % ) |
|---|---|---|---|
| Пиперки благи | 76, 6 | 80, 3 | + 4,8  % |
| Компири | 21, 2 | 30, 3 | + 42, 9 % |
| Компири-млади | 27, 3 | 43, 6 | + 59, 7 % |
| Кромид | 21, 4 | 29, 5 | + 37, 9 % |
| Домати | 55, 8 | 61, 3 | + 9, 9 % |
| Зелка | 21, 6 | 19 | - 12 % |
| Краставици | 56, 1 | 59 | + 5, 2 % |
| Ориз | 61, 3 | 66, 1 | + 7, 9 % |
| Црвени пиперки-ајварка | 27, 5 | 30, 8 | + 12 % |
| Моркови | 34, 5 | 38 | + 10, 1 % |
| Грав | 120, 4 | 135, 1 | + 12, 2 % |
| Леќа | 90, 6 | 87, 6 | - 3, 3 % |
| Грашок | 39, 6 | 45, 3 | + 14, 4 % |
| Боранија | 50, 3 | 54, 1 | + 7, 6 % |
| Зелена салата—парче | 16, 2 | 15, 6 | - 3, 7 % |
| Карфиол | / | 76, 3 | / |
| Лук | 140, 3 | 129, 1 | - 8 % |
| Спанаќ | 40, 8 | 47, 4 | + 16, 2 % |
| Тикви | 22, 3 | 22, 1 | - 0, 9 % |
| Цвекло | 32, 3 | 36, 9 | + 11, 1 % |
| Зелка—црвена | 31, 4 | 27, 3 | - 13, 1 % |
| Брокули | 102, 4 | 115, 6 | + 12, 9 % |
| Суви пиперки—низа | 235, 6 | 256, 6 | + 8, 9 % |
| Корнишони | 28, 1 | 33, 9 | + 20, 6 % |

* цените се изразени во денари за килограм

* Во графиконите се дадени цените од пазарите на мало и големо за 2013 година- по месеци

## Најзастапени цени на домати на зелените пазари и пазарите на големо во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | 101.5 | 102.0 | 105.0 | 104.5 | 67.2 | 40.4 | 28.6 | 28.7 | 30.3 | 33.1 | 32.2 | 62.6 |
| Пазари на големо | 97.5 | 103.1 | 105.0 | 101.7 | 56.8 | 35.0 | 21.7 | 25.0 | 21.0 | 18.0 | 16.0 | 50.0 |

## Најзастапени цени на компири на зелените пазари и пазарите на големо во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | 27.9 | 28.6 | 28.1 | 28.9 | 29.9 | 45.0 | 33.4 | 30.0 | 28.7 | 28.4 | 27.1 | 27.2 |
| Пазари на големо | 21.1 | 24.8 | 21.8 | 20.0 | 23.4 | 40.0 | 30.0 | 20.0 | 19.0 | 19.3 | 19.3 | 22.0 |

## Најзастапени цени на благи пиперки на зелените пазари и пазарите на големо во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | 138.3 | 153.4 | 146.1 | 144.2 | 86.7 | 54.5 | 30.4 | 30.9 | 31.0 | 33.7 | 43.3 | 71.1 |
| Пазари на големо | 70.0 | 85.0 | 110.0 | 110.0 | 65.0 | 40.0 | 15.0 | 30.0 | 30.0 | 24.5 | 30.8 | 48.8 |

## Најзастапени цени на краставица на зелените пазари и пазарите на големо во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | 119.7 | 111.0 | 109.1 | 69.1 | 30.8 | 24.9 | 23.1 | 29.0 | 29.6 | 34.3 | 42.5 | 85.2 |
| Пазари на големо | 115.0 | 113.0 | 98.5 | 60.0 | 22.4 | 20.0 | 10.0 | 20.0 | 17.5 | 19.8 | 27.2 | 55.0 |

## Најзастапени цени на зелка на зелените пазари и пазарите на големо во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | 15.1 | 15.5 | 16.4 | 23.2 | 25.4 | 28.3 | 22.7 | 21.3 | 18.2 | 17.2 | 12.8 | 11.7 |
| Пазари на големо | 14.0 | 12.0 | 17.1 | 19.2 | 20.5 | 25.0 | 21.1 | 20.0 | 15.0 | 9.9 | 2.5 | 4.3 |

## Најзастапени цени на кромид на зелените пазари и пазарите на големо во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | 25.7 | 26.2 | 26.9 | 30.9 | 30.1 | 29.6 | 34.4 | 33.0 | 30.0 | 30.2 | 28.5 | 28.3 |
| Пазари на големо | 20.3 | 25.6 | 23.6 | 25.8 | 26.9 | 25.0 | 28.9 | 25.0 | 22.5 | 25.0 | 20.0 | 20.0 |

## Најзастапени цени на ориз на зелените пазари и пазарите на големо во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | 61.5 | 60.7 | 61.1 | 59.1 | 60.7 | 58.8 | 66.5 | 72.30 | 72.2 | 72.9 | 73.7 | 73.3 |
| Пазари на големо | 50.80 | 58.00 | 55.40 | 55.00 | 56.40 | 46.00 | 65.50 | 60.00 | 53.00 | 50.00 | 60.00 | 50.00 |

## Најзастапени цени на морков на зелените пазари и пазарите на големо во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | 37.9 | 38.2 | 38.7 | 43.9 | 50.4 | 44.4 | 37.1 | 36.3 | 34.1 | 32.8 | 30.1 | 32.2 |
| Пазари на големо | 21.9 | 40.0 | 29.6 | 24.0 | 32.7 | 25.0 | 27.8 | 20.0 | 19.0 | 22.5 | 18.3 | 20.0 |

## Најзастапени цени на црвени пиперки (капија) на зелените пазари и пазарите на големо во 2013 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | | | | | | | | 31.2 | 26.9 | 26.8 | 38.3 | |
| Пазари на големо | | | | | | | | | 21.0 | 20.0 | 35.0 | |

Во делот на откупот на **винските сорти на грозје**, системот на ЗПИС располага со следните просечни откупни цени за винско грозје за 2013 година .

(Табела 6)

| Вински сорти на грозје | Просечна откупна цена 2013 год. |
|---|---|
| Бургундец—сив | 14 |
| Вранец | 14 |
| Каберне Совињон | 14, 35 |
| Кратошија | 13, 3 |
| Рајнски Ризлинг | 14 |
| Смедеревка | 11, 48 |
| Совињон Бел | 17 |
| Темјаника | 19 |
| Шардоне | 18 |

*Цените се изразени во денари за килограм

Во делот на **земјоделски инпути,** системот на ЗПИС прибира цени од земјоделските аптеки во Република Македонија.

Просечни најзастапени цени на **минерални ѓубриња и семенски материјал**

(табела 7)

| Минерални ѓубриња | Просечна цена 2013 год. |
|---|---|
| Амониум нитрат | 23, 08 |
| Калиум-амонум-нитрат КАН 26 % | 20, 32 |
| Азот-Фосфор-Калиум НПК 15:15:15 | 29. 46 |
| Уреа 46 % | 27. 87 |
| **Семиња** | **Просечна цена 2013 год.** |
| Семе Луцерка ( 1 кг. ) | 312, 5 |
| Семенска Пченица ( 1 кг. ) | 24, 64 |
| Семенска Пченка ( 1 кг. ) | 145 |
| Семенски Грашок ( 1 кг. ) | 240, 45 |
| Семенски Компир ( 1 кг. ) | 90, 54 |

## Земјоделско пазарен информативен систем (ЗПИС)

Согласно Законот за земјоделство и рурален развој, МЗШВ е одговорна институција за воспоставување на интегриран информативен систем на податоци кој треба да обезбеди прибирање и обработка на податоци за земјоделскиот сектор, координација и оддржливост во размената на податоци со другите релевантни институции, како и дисеминација на податоците до крајните корисници.

За поддршка на изготвувањето на анализи за поставување, спроведување, контрола и следење на ефектите на земјоделска политика и политиката за рурален развој, неопходно е воспоставување на Земјоделски Информативен Систем (ЗИС) како еден од најзначајните краткорочни приоритети од процесот на креирање на поволни услови за одржливо земјоделство и рурален развој како услов за интегрирање во ЕУ.

Функционирањето на системите ќе овозможи поставување на ефикасни политики базирани на потребите во секторот, нивно успешно реализирање со максимално намалување на неправилностите и злоупотребите, подобрена контрола и проценка на ефектите од земјоделската политика.

Интегрирањето на различните бази на податоци и регистри треба да ги олесни процедурите за доставување на барања на земјоделците за мерките на поддршка и ќе обезбеди корисни податоци за понатамошно креирање на поволни услови за одржливост, развој и конкурентност во производството на храна и руралниот развој, а со тоа го направи атрактивен овој сектор.

Пошироките цели на земјоделскиот пазарен информативен систем се постојано следење на пазарите на земјоделско-прехрамбени производи преку евиденција на тргуваните цени за определени производи и култури, како и количини за стратешките производи, и обезбедување на транспарентен преглед на движењата на пазарите со земјоделски производи и храна.

Со вaквите навремени и релевантни пазарни податоци од репрезентативните пазари се овозможува зајакнување на положбата на националниот агро-прехрамбен сектор на домашниот и странските пазари, и се обезбедува поддршка на анализите со релевантни и точни податоци потребни за донесување на одлуки во формулирањето на конкурентна земјоделска политика.

Развојот на ЗПИС е пропишан како обврска во делот на регулативите на ЕУ кои го покриваат делот на Заедничката земјоделска политика во делот на Заедничката пазарна организација (ЦМО) како основи за уредување на пазарите на земјоделско-прехрамбени производи.

Во наши услови ова е регулирано со Законот за земјоделство и рурален развој, Законот за квалитет на земјоделски производи и Правилникот за определување на репрезентативни пазари на земјоделски производи и видот, обемот, роковите и субјектите кои ги доставуваат податоците.

Земјите членки на ЕУ се обврзани за доставување на пазарните податоци до Европската Комисија во вид на редовни извештаји кои се потребни за формулирање на Заедничката земјоделска политика и следење на состојбите на пазарот, особено од аспект на покренување на инструментите за интервенции и регулирање на пазарите.

Сепак, покрај оваа обврска ЗПИС е од особено значење за земјоделските производители, нивните организации, преработувачите, снабдувачите со репроматеријали, опрема и механизација, деловните субјекти, за зголемување на нивната конкурентност на пазарите со храна и намалување на неизвесноста и предвидување на ризикот при донесување на правилни одлуки во делот на маркетингот и планирање на производството.

Во таа насока националниот земјоделско пазарен информативен систем е поставен во корист на сите деловните субјекти преку редовното собирање и обработката на податоците како и неограничениот пристап  до пазарните информации од страна на корисниците.


**Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство**

**Сектор за анализа на земјоделска политика**

**Одделение за ЗПИС**

**Улица:** Аминта трети, бр. 2

1000 Скопје

**Телефон:** централа 02/3134 477, локал 414,

**http : //** www.zpis.gov.mk

**Изготвил:**

**Горан Димовски**

**Советник за ЗПИС**

e-mail: goran.dimovski@mzsv.gov.mk

**Соработници :**

**Александра Петреска**

**Советник за ЗПИС**

e-mail: aleksandra.petreska@mzsv.gov.mk

**Моме Младеновски**

**Советник за ЗПИС**

e-mail: mome.mladenovski@mzsv.gov.mk

**Зоран Николовски**

**Раководител на Сектор за анализа на земјоделска политика**